# ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ КАКО ПАТ ДО УСПЕХОТ

## (информации за прилагодување на македонските квалификации според новите барања)



Социо-економските промени и предизвиците на пазарот на труд внесуваат промени во размислувањата за образованието, улогата на знаењето и вештините во модерниот живот, а со тоа и за стекнувањето компетенции и квалификации. Овој предизвик е посебно поврзан со тоа како го пренесуваме знаењето на другите – од градинка до факултет.

Во денешно време традиционалната поделба на период на учење (младоста) и период на работење (подоцнежни години) е застарена. Во реалност која забрзано се менува, образованието во малдоста не може да ги подготви лицата за задачите кои ќе дојдат во иднината.

Ние се уште треба да научиме нови компјутерски програми, да се справуваме со софистицирана опрема и да ги следиме законските регулативи.

Поради тоа, значајноста на постојаното учење се зголемува – преку курсеви, обуки, на работното место. Светот не престанува да се менува. Поради тоа, доживотното учење станува неопходно. Во овие промени, професорите/наставниците играат голема улога.

Во денешно време задачата на професорите/натавниците не е само да споделат знаење, туку да ги насочат учениците за само-учење и да стекнуваат нови вештини.

Како последица на технолошките промени, системот на квалификации во Европските земји се трансформираше значително. Во 2008, Европската Унија ја воспостави Европската рамка на квалификации (ЕРК) која е заедничка референтна точка за различните национални рамки на квалификации во Европските земји.

Овие системи се насочени кон резулаттите од учење, бидејќи тие се основата на квалификациите.

Во Македонија, подготовките за надградување на системот на квалификации се одвива веќе неколку години. Во 2013, се усвои Законот за НРК. Тој го дефинира пристапот и формата на националниот систем на квалификации. По усвојување на законот

и подготвителните активности, сега потребно е да се адаптираат квалификациите според барањата на ЕРК и НРК. Оваа задача ќе трае неколку години.

Првите чекори веќе се направија. Во соработка со меѓународните експерти, група на македонски специјалисти од полето на образование подготвија модернизирани образовни програми. Целта на овие активности беше не само да се ажурираат постоечките програми, туку и да се прилагодат на потребите на пазарт на труд.

Додека се работеше на понатамошна модернизација на образованието (посебно стручното образование и обука) важна ќе биде улогата на работодавците, во адпатирањето на образовните програми и

методи според барањата на модерната економија. Поради тоа, клучна е отвореноста на нашиот образовен кадар кој треба да води константен дијалог со работодавачите кои добро ги познаваат потребите од вештини во нивните претпријатија.